РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

MQS Partner of Quality Austria

Бр./Nr 09-5310/2
06-09-2021 г./v.

Врз основа на член 22 став и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019) и член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија, Државната комисија за спречување на корупцијата , на 51та седница одржана на ден 01.09.2021 година донесе

**О д л у к а**

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата ги искористи своите законски механизми кои и стојат на располагање за постапување по предметот со број 09-1166/1 од 29.04.2015 година, поради што истиот се запира.

Предметот со број 09-1166/1 од 29.04.2015 година да се затвори и да се архивира.

О б р а з л о ж е н и е

Предметот 09-1166/1 од 29.04.2015 година е оформен врз основа на пријава од непознат подносител со наводи дека во ОУ „-----------" во С. ---------, --------, директорот на училиштето -------- ---------- вработувал свои блиски роднини на неколку работни места.

Со цел утврдување на фактичката состојба и потврдување на наводите во пријавата, Државната комисија се обрати до Државниот инспекторат за труд и побара да се изврши инспекциски надзор со цел проверување на вистинитоста на наводите.

Државниот инспекторат за труд ја извести Државната комисија дека при вршењето на инспекцискиот надзор констатирани се низа недостатоци во спроведувањето на постапката за вработување, односно бил објавен оглас за вработување на горенаведените лица, директорот донел и потпишал одлука за избор на кандидати за вработување на гореспоменатите лица, иако истите се негови блиски лица.

Државната комисија, ги потврди наводите за блиски лица преку добивање податоци од управата за водење на матични книги.

По вака констатирана фактичка состојба, Државната комисија во 2017 година донесе ИНИЦИЈАТИВА до тогашниот Градоначалник на Општина -------- --------- ---------за поведување постапка за

разрешување на директорот на ОУ „----------" с. --------- од ----------, затоа што постапил спротивно на одредбите од тогаш важечките Закон за спречување на корупцијата и Законот за спречување на судир на интереси, но на Иницијативата не беше добиен никаков повратен одговор за постапување, односно непостапување.

Државната комисија, се обрати и до актуелниот Градоначалник на општина -------- --------- --------- со приложување на констатираните повреди на законот од страна на директорот на училиштето, но и од него не беше добиен повратен одговор за постапување, односно непостапување.

Имајќи го во предвид фактот дека Државната комисија ги искористила своите законски механизми кои и стојат на располагање, односно донесе Иницијатива за поведување постапка за разрешување на директорот на училиштето по констатираните повреди на законот, како и тоа дека се работи за ситуација настаната пред повеќе години, Државната комисија заклучи да го запре постапувањето по предметот 09-1166/1 поради тоа што се застарени сите рокови за постапување.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

Република Северна Македонија ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА Скопје
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANADALIM TE KORRUPSIONIT Shkup Republika e Maqedonisë së Veriut

Изработил: Е.Н., соработник
Одобрил: С.П.Д., член на ДКСК